Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 01-290/1
01 03 2024 год.
Скопје

# ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

**(01.03.2023 - 29.02.2024 ГОДИНА)**

## ВОВЕД

Извештајот ги опфаќа активностите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ остварени во периодот од 01.03.2023 година до 29.02.2024 година. Во овој период, факултетските активности беа, главно, насочени кон остварување на следните основни задачи, и тоа: а) продолжено одржување на финансиската стабилност на Факултетот, со остварена редовност во плаќањата на факултетските обврски, како и создавање на услови за одржување на таквата стабилност во наредните години, со цел да се пресретне ризикот од евентуално идно намалување на сопствените приходи заради намалениот број на претходно запишани студенти и/или тековната економска криза во државата; б) одржување на трендот од последните две години на спречување на падот кај бројот на запишани студенти на трите циклуси на студии, присутен во претходниот период; в) натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; г) спроведување на постапката по доставените елаборати за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии на Факултетот пред надлежните државни тела; д) натамошно интензивирање на меѓународната, научната и конференциска активност на Факултетот, вклучително преку одржување на меѓународни конференции и други собири, гостувања на реномирани странски предавачи и други гости, зголемена проектна активност и мобилност на студентите и наставниот кадар; ѓ) продолжување на напорите за вработување на нов наставен кадар (соработници во соработничко звање асистент) на Факултетот, според однапред утврдени принципи и критериуми за вработување на нов наставен кадар од ННС и на нов ненаставен кадар; е) воспоставување на оперативен Центар за кариера на студентите и стимулирање на работата на постојните и основање на нови центри на Факултетот; и ж) подобрување на факултетската инфраструктура.

Состојбата околу **финансиите** на Факултетот во извештајниот период продолжи да биде стабилна, со целосно запазена редовност во плаќањето на факултетските обврски кон вработените и надвор од Факултетот. Тоа се должеше, главно, на поголемиот обем на пренесени сопствени средства од 2022 во 2023 година (и претходно, од 2021 во 2022 година), во услови кога остварените сопствени приходи на сметката 788 во однос на претходната година забележаа пад од 8,51%, а, расходите - пораст за 7,34% (како резултат на порастот на трошоците кај договорните услуги и на повисоката исплата на плата и регресот исплатен за вработените од сопствени средства). Буџетскиот дел од приходите, пак, беше зголемен за 18,67%, што, заедно со приходите од самофинансирачки активности (и пренесеното салдо), приходите од закупнини како и проектните приходи, доведе до зголемување на вкупните приходи на Факултетот за 10,13%. Како резултат на севкупните финансиски активности и максималното штедење во текот на годината, 2023 година заврши со високо салдо кое се пренесува во 2024 година. Тоа ќе обезбеди натамошна финансиска стабилност на Факултетот преку амортизирање на ризикот од посериозно идно намалување на сопствените приходи во текот на 2024/2025 година (и понатаму), кое би можело да се појави како резултат од евентуалниот пад на новозапишани студенти (особено на вториот циклус на студии) и/или од екстерни фактори. Споредено со претходната година, во оваа година е забележан одреден пад од 7,1% кај **бројот на новозапишани студенти** на првиот циклус на студии. Овој пад е присутен кај политичките студии и студиите по новинарство и односи со јавност, додека, пак, кај правните студии, бројот на новозапишани студенти е практично идентичен со оној од претходната година. Од друга страна, на вториот циклус на студии во октомврискиот уписен рок се запишаа скоро идентичен број на студенти, односно еден студент помалку во однос на минатата година, за што, меѓудругото, придонесе обемната промотивна активност околу студиите на вториот циклус, особено, од страна на Центарот за кариера. Изготвена беше нова **web-страна** на Факултетот (на чие што содржинско ажурирање ќе продолжи да се работи во наредниот период), што, меѓудругото, очекувано би придонело за подобра информираност на потенцијалните (се разбира и постојни) студенти и зголемена видливост на Факултетот. Посебно, за унапредување на студиите по новинарство (и односи со јавност) и зголемување на интересот за овие студии, значително ќе придонесе реализацијата на **проектот „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia“**, со кој се започна во овој период, **во партнерство со престижната Walter Cronkite School of Journalism при Државниот Универзитет Аризона**, врз основа на грант од Амбасадата на САД во РСМ. Во тие рамки, меѓудругото, веќе отпочна подготовката на работите околу опремување на новинарско студио (како дел од новинарска лабораторија) во просторија определена за таа цел, кои ќе се реализираат во текот на 2024 година. Во извештајниот период, продолжи работата врз натамошно унапредување на **процесот на администрирање на студиите** преку Службата за студентски прашања според правилата за студирање на Факултетот. И покрај најавите од УКИМ за брзо воведување на модел на електронско извршување на плаќањата на студентите преку овластена банка и евидентирање и

контрола врз таквите плаќања преку системот I-know (како последна фаза од тековниот проект на УКИМ) во текот на 2023 година, што требаше да го опфати и Правниот факултет, таквиот модел не беше воспоставен до моментот на изготвување на овој Извештај, така што, би можело да се очекува истото да продолжи во наредниот период (како и работата врз севкупна дигитализација на работењето на студентската служба). Во услови на голема спорост и неефикасност во работењето на надлежните државни тела, во извештајниот период се доврши процесот на **реакредитација или акредитација** на петте студиски програми на додипломските студии на Правниот факултет, како и на уште дваесет и една студиска програма на вториот циклус на студии и една студиска програма на третиот циклус на студии, врз основа на **елаборатите** подготвени и доставени во претходниот период. Истовремено, усвоени беа и доставени за акредитација до надлежните тела елаборати за уште четири програми на вториот циклус на студии кои ќе бидат обработувани во наредниот период. На планот на **практичната настава и едукацијата на студентите**, продолжија активностите во рамките на Правната клиника за бегалци организирана од Меѓународниот центар за право на бегалците и миграција, Центарот за правна клиничка едукација – Правна клиника за ранливи групи и Центарот за клиничка едукација по казнено право. Во само една година од неговото основање, **Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје** (основан како партнерски проект со Здружението на млади правници во Скопје, со финансиска поддршка од Амбасада на Кралството Холандија во РСМ), оствари интензивна активност на шест различни групи на активности, вклучувајќи шест работилници за кариерен развој организирани од Центарот, креирање на база на податоци за студентите и за факултетските алумни, организација на други настани за студентите (наречени „Јустинијанови приказни" и „Политиколошко кино") итн. Забележителна беше работата и на другите активни **центри** на Факултот, Центарот за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право и Центарот по реторика – „Иво Пухан", а, беа основани и три нови центри и тоа, центрите за правна клиничка едукација по студентска дебата, за меѓународно јавно право и човекови права, и за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства (ЦИХА). И оваа година, студентските тимови од Факултетот оствариja забележително **учество на moot-court натпреварите Phillipe Jesup, Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot и Frankfurt Investment Arbitration Moot**. Беше одржана **Ораторската вечер „Иво Пухан"** по 26-ти пат. Во текот на месец јуни 2023 година се спроведоа избори за претседател на Факултетското студентско собрание, а во текот на месец декември 2023 година, се спроведоа избори за членови на **Факултетското студентско собрание** на Правниот факултет „Јустинијан Први" со мандатен период од една година. Во извештајниот период, интензивирана беше **меѓународната, научната, конференциска и слична активност** на Факултетот, насочена кон негово поголемо отворање, особено, на меѓународен план. Меѓународната годишна научна конференција, која веќе традиционално се одржува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, посветена на тема "THE PROSPECTS OF THE EUROPEAN INTEGRATION IN TIME OF GEOPOLITICAL CHALLENGES," беше одржана во хибриден формат: во живо и со примена на видео конференциска врска (zoom), на 3 ноември 2023 година, со учество на 58 учесници од земјата и од странство. На 21.11.2023 година беше одржана и конференција на тема „Дискриминацијата и говорот на омраза," како заеднички настан помеѓу Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Универзитетот на Југоисточна Европа и Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во рамки на активностите спроведени во соработка на трите факултети/универзитети со Мисијата на ОБСЕ во Скопје а, на 22.06.2023 година, како и меѓународна online конференција на тема: „Law in the digital age". Одржани беа и повеќе од десеттина други настани, дебати, семинари, работилници, летни и зимски школи итн., како и повеќе од десеттина гостувања на реномирани странски професори и други истакнати гости. Во текот на извештајниот период, беше продолжена работата во рамките на мрежата CEEPUS и другите мрежи во кои што членува Факултетот, ЕЛФА, ТЕПСА, Ротердамската мрежа. Во тие рамки (но и надвор од нив) се одвиваше **меѓународна проектна активност** на Факултетот на безмалку десеттина меѓународни тековни проекти, вклучително и на еден проект во рамки на програмата Horizon, во која за прв пат се вклучува Факултетот. Истовремено, се работеше и на подготовка на повеќе апликации за проекти во рамки на различни програми и фондови. Во 2023 година беше завршена постапката за прогласување на **професор Френсис Фукујама за почесен доктор на науки** од областа на политичките науки на УКИМ со донесување и објава на Одлуката за доделување на титулата почесен доктор на науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (doctor honoris causa). **Мобилноста** на студентите и наставниците во изминатата година се одвиваше на нешто поинтензивно, но, сѐ уште, скромно ниво. Во рамките на програмата Erazmus+ беа остварени outgoing мобилност на три студентки и тоа на универзитетите во Сплит, Загреб и Белград, како и една прифатена апликација на проф. д-р Јован Зафироски кој ќе ја реализира програмата во текот на 2024 година на University of National and World Economy во Бугарија. Во периодот помеѓу 15-19.09.2023 година, во рамки на програмата Еразмус+ мобилност за наставен кадар, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, УКИМ, оствариja престој двајца професори од Instytut Nauk o Polityce i Administracji, Uniwersytet Kardynała Stefana

Wyszyńskiego w Warszawie од Полска. Истовремено, во рамки на академската мобилност, во моментот преку Фулбрајт програмата на САД се реализира ангажманот како визитинг професор на студиите по новинарство на д-р Ен Донохју (Anne Donohue), емеритус професор по новинарство на Универзитетот во Бостон (Boston University), а, остварени беа и гостувања на Dr. Joanna Siekiera – меѓународен адвокат од Норвешка (на Катедрата по меѓународно право) и Anđela Mićanović – докторант на University of Luxembourg - Faculty of Humanity, Education and Social Science, Department of Social Science, како истражувач на тема „North Macedonia and the 2019 "Brussels fiasco". Започнувајќи од месец септември 2023 година, во соработка со Канцеларијата за меѓународна соработка, отпочна процесот на електронско склучување на Еразмус+ договори. Преку електронската платформа, склучени беа Еразмус+ договори со University of National and World Economy, Бугарија, Karoli Gaspar Reformatus Egyetem, Унгарија, Université de Picardie Jules Verne, Франција, Универзитетот во Келн и Universit degli Studi di Salerno и Università degli Studi di Trieste, Италија. Во рамки на **издавачката дејност**, годинава, беа објавени Годишник и една студија во издание на Факултетот, а, електронското списание Iustinianus Primis Law Review, во текот на академската 2023/2024 година излезе со три нови броеви, со можност за пребарување на списанието во датотеките на библиотеката EBSCO и Heinonline. Во текот на извештајниот период, беа потпишани два нови **меморандуми за соработка** со домашни институции (придодадени кон повеќе од 40-ната претходно склучени меморандуми), и тоа, со Македонското здружение на млади правници и со Управниот суд – Скопје. Продолжи активноста на спроведување на Меморандумот со Секретаријатот за европски прашања на Владата на РСМ (СЕП), иако, со поспоро темпо, со оглед на застојот на преговорите за пристапување на земјата кон ЕУ во извештајниот период. Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје потпиша Договор за соработка со Conference on Jewish Material Claims Against Germany (Claims conference) New York – Конференција за еврејските материјални побарувања од Германија, Њујорк за реализација на 6 едносеместрални курсеви во обласа на холокаустот во учебната 2023/24 година, кој започна да се реализира на 26.10.2023 година. На планот на **нови вработувања**, во текот на 2023 година, до надлежните министерства беа упатени барања за согласност за вработување на два нови соработници во соработничко звање - асистент на Факултетот (врз основа на претходно усвоените принципи и критериуми за вработување на нов наставен кадар на Факултетот во периодот од 2022-2024 година), како и за повеќе лица во Стручната и административна служба и помошно-техничката служба, согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2023 година. За жал, бараните согласности не беа добиени од надлежните министерства, што загрижува, со оглед на сериозниот дефицит со таков кадар на Факултетот. Во текот на извештајниот период беа остварени неколку зафати насочени кон подобрување на **факултетската инфраструктура**. Помеѓу нив, како најобемен зафат, саниран беше делот од дотраената кровна покривка околу нејзиниот централен дел, како втора фаза од санацијата, целосно финансирана (преку УКИМ) од државни буџетски средства, со што се заврши скоро половина од планираниот зафат, во неговиот најакутен дел. Со натамошната – трета фаза од санацијата ќе се продолжи во текот на 2024 година, за што веќе се обезбедени буџетски средства. Од помалите зафати, офарбани беа дел од ѕидовите кај ходниците во двата странични коридори, кои беа сериозно оштетени од претходни протекувања на кровната покривка, а, благодарение на донација од проф. д-р Димитар Гелев, ѕидовите кај десниот коридор и кај преминот кон и холот пред читалната беа украсени со репродукции на уметнички слики од познати автори, со што се збогати работниот амбиент. Преку донација од „Вегера" која го одржува факултетското бифе, офарбан беше наставничкиот клуб.

Погорните и други факултетски активности остварени во текот на извештајниот период се детално изложени во продолжение на Извештајот. Текстот на Извештајот е изготвен според воспоставената методологија и структура, што овозможува да се вршат соодветни споредувања со претходни извештајни периоди.

## АКРЕДИТИРАНИ НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Во извештајниот период на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје се акредитирани студиски програми од првиот и вториот циклус на студии и тоа: ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ: 1) Правни студии; 2) Политички студии (на македонски јазик); 3) Политички студии (на англиски јазик); 4) Новинарство; и 5) Односи со јавност. ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ: 1) Административно право и јавна администрација (едногодишни студии и двегодишни студии); 2) Граѓанско право (едногодишни студии и двегодишни студии); 3) Деловно право (едногодишни студии и двегодишни студии); 4) Историја на правото (едногодишни студии и двегодишни студии); 5) Казнено право (едногодишни студии и двегодишни студии); 6) Право на интелектуална сопственост и право на информатичка технологија (едногодишни студии и двегодишни студии); 7) Римско право и приватноправна традиција (едногодишни студии и двегодишни студии); 8) Уставно право (едногодишни студии и двегодишни студии); 9) Применета и компаративна политика (двегодишни студии, на македонски јазик); 10) Применета и компаративна политика (двегодишни студии, на англиски јазик); 11) Меѓународни односи,

дипломатија и европски интеграции (двегодишни студии, на македонски јазик); 12) Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (двегодишни студии, на англиски јазик); 13) Медиуми и односи со јавност (двегодишни студии).

Во тек е постапка за акредитација на студиските програми на ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ и тоа: 1) Применета и компаративна политика (едногодишни студии, на македонски јазик) – *акредитација*; 2) Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (едногодишни студии, на македонски јазик) – *акредитација*; 3) Медиуми и односи со јавност (едногодишни студии) – *акредитација*; 4) Меѓународно јавно право, право на Европската Унија и дипломатија (едногодишни студии) – *повторна акредитација*. Во тек е постапка за повторна акредитација на студиската програма на ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ и тоа: Право на информатичка технологија.

## ТЕК НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Во учебната 2023/2024 година се организираше настава на Правниот факултет и тоа на прв циклус на студии (прва, втора и трета година) и на втор циклус на студии (прва и втора година). Со Правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје се подобрува режимот на студирање преку следењето на оптовареноста на студентите, односно се претпочита нивна рамномерна оптовареност низ семестрите, со што се очекува зголемување на нивната успешност (согласно Правилникот на УКИМ).

Во наставно-образовниот процес на Факултетот вклучени се вкупно 63 наставници со полно работно време, како и 4 наставници на кои им мирува работниот однос поради вршење на јавна функција и 4 соработници во соработничко звање – асистент. Наставата во академската 2023/2024 година (зимски и летен семестар) се изведува според одлуката за распоред на работните задачи и распоредите за настава и тоа на правни студии: прва година 3 паралелки, втора година 2 паралелки и трета година 2 паралелки; политички студии (на македонски и на англиски јазик): во сите три години по една паралелка; студии по новинарство: во сите три години по една паралелка; односи со јавност: во сите три години по една паралелка. Наставата во прва и втора година (втор циклус на студии) се спроведува според распоредот за предавања доставен од колегиумите на втор циклус на студии.

## УПИСИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ПРВ, ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### *Уписи на прв циклус студии (додипломски студии) во учебната 2023/2024 година*

Со Одлука на ННС формирана е Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2023/2024 година во состав: проф. д-р Бобан Мисоски (претседател), проф. д-р Драган Гоцевски, проф. д-р Илија Руменов, асс. м-р Теа Лалевска, асс. м-р Катерина Жатева, асс. м-р Константин Битраков и асс. м-р Теа Мицевска.

Може да се заклучи дека во трите уписни рока се запишаа вкупно 261 студент на сите студии. Споредено со минатата година, интересно, забележан е мал пад од 7,2% на бројот на запишани студенти на петте студиски програми. За жал, оваа година не успеавме да го задржиме минатогодишниот и предминатогодишниот тренд на релативно стабилизирање на бројките во однос на најголемиот пад од пред четири години. Во глобала не можеме да бидеме задоволни со бројката на запишани студенти на политичките студии и студиите по новинарство и односи со јавност, каде имаме и најголем пад, односно запишани само 35 студенти на сите четири студиски програми. Од друга страна, пак, радува фактот дека надминатиот јаз од само 184 запишани студенти во академската 2020/2021 година, и оваа година е надминат на скоро идентично ниво на минатата година. Односно, со задоволство може да констатираме дека на правните студии го задржуваме трендот на скоро идентичен број на запишани студенти. Ова нè води кон заклучокот дека, практично тоа е бројката на студенти кои изминативе години ги избираат правните студии како нивен избор за студирање.

### *Уписи на втор циклус студии (последипломски студии) во учебната 2023/2024 година*

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2023/2024 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје студентите можеа да се запишуваат на студиите од вториот циклус (последипломски студии) од областа на правните студии, политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавност.

Се пријавија и се запишаа вкупно 129 кандидати на сите студиски програми[1], што претставува, практично идентична состојба со минатата година, односно пад од само 1 студент во однос на уписите во првиот уписен рок на вториот циклус на студии за минатата година, кога вкупно беа запишани 130 студенти.

[1] Бројот на запишани студенти е според податоци од првиот уписен рок. Вториот уписен рок на втор циклус на студии завршува на 17.02.2024 година, а запишувањето на новопримените студенти е на 21, 22 и 23 февруари 2024 година.

Што се однесува до податоците за вториот уписен рок (втор циклус студии) во учебната 2022/2023 година, се пријавиле и се запишале вкупно 58 студенти. Податоците за вториот уписен рок на втор циклус студии во учебната 2022/2023 година се дел од овој извештаен период за работата на Факултетот, со оглед на фактот што запишувањето на студентите се одвиваше на 21, 22 и 23 февруари 2023 година.

### *Уписи на трет циклус студии - докторски студии во учебната 2023/2024 година*

Во првиот и во вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 13 (тринаесет) студенти на студиските програми на правни науки, 1 (еден) студент на студиските програми на политички науки и 0 (нула) студенти на студиската програма јавна администрација. Вкупниот број на запишани студенти на трет циклус студии (докторски студии), од учебната 2011/12 година заклучно со учебната 2023/2024 година е 253, заклучно со првиот уписен рок. Вкупниот број на студенти на трет циклус студии кои се стекнале со научен степен – доктор на науки заклучно со февруари 2024 година е 102.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

Практичната настава во извештајниот период се одвиваше преку Центрите за клиничка едукација. Во извештајната година, покрај постојните Центри за правна клиничка едукација, беа основани и четири нови центри и тоа: Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет, Центар за клиничка едукација по меѓународно јавно право и човекови права, Центар за правна клиничка едукација по студентска дебата и Центар за правна клиничка едукација – Центар за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства (ЦИХА).

### *Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје*

Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје се основа на седницата на ННС одржана на 28.2.2023 година како партнерски проект со Здружението за млади правници во Скопје, а со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија. Во периодот кој е предмет на овој Годишен извештај, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) организираше и реализираше низа активности со цел остварување на целите и задачите за кои е формиран Центарот, и тоа: **1)** Серијал од шест работилници за кариерен развој и јакнење на практични вештини во насока на стимулирање на развојот на практичните знаења и вештини на студентите, подобрување на нивните комуникациски и презентациски вештини и останати стручни квалификации; **2)** Обезбедување на практикантска работа и мобилност на студентите во низа државни институции, компании од деловниот сектор и организации од невладиниот сектор; **3)** Организација на два неконвенционални настани, „Јустинијанови приказни" и „Политиколошко кино", со цел доближување на алумни заедницата со студентите на Факултетот; **4)** Креирање на База на податоци за студенти и База на податоци за алумни за да се направи вмрежување и организирано поврзување помеѓу студентите и членовите на алумни заедницата во насока на развивање и поттикнување на професионален развој, размена на знаења, вештини и компетенции и нивно усовршување; **5)** Остварување соработки и комуникација со алумни заедницата, со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како другите домашни и меѓународни субјекти, во насока на планирање на практикантската работа наменета за студентите на Правниот факултет; **6)** Организација на Отворен ден на Правниот факултет, во рамки на Отворениот ден на УКИМ и соработка со средните училишта во Република Северна Македонија преку промовирање на Факултетот.

### *Центар за правна клиничка едукација – Центар за право на бегалци и миграција*

Во текот на 2023 година, односно летниот семестар од академската 2022/2023 година и зимскиот семестар 2023/2024 година, Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје спроведе низа проекти, активност и настани во рамки на своето работење. *Летен семестар 2023 (Март - Април)* Отварањето на Правната клиника за право на бегалци се одржа на 2 март. Активностите на Правната клиника за право на бегалци во текот на летниот семестар ја следеа и успешно ја заврШија 7 студенти, од кои 6 студенти се во прв циклус на студии правни и политички студии и 1 студент на втор циклус на студии. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации одржаа стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: 1. Мандат на УНХЦР и 2. Бездржавјанство. Претставници од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) одржаа презентации на теми поврзани со праксата: 1. Интеграција на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија; 2. Постапка за азил во РСМ. Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за законодавството на РСМ за постапката на азил. Во летниот семестар 2023 година, како меѓународен гостин, предавање одржа Prof. Dr. Marco Zoppi на тема „Спречување на мобилноста долж Балканската рута". Предавач од домашната пракса во летниот и во зимскиот семестар беше адвокатот Александар Гоџо од адвокатското

друштво Гоцо, Кичеец и Новаковски, кој го презентираше практичниот аспект на застапување на бегалците пред судовите, особено низ случаите пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур. *Зимски семестар 2023 (Ноември - Декември)* Активностите на Правната клиника за право на бегалци започнаа од 7 ноември. Активностите на Правната клиника за право на бегалци во текот на зимскиот семестар ја следеа и успешно ја завршуваат 18 студенти од кои 12 студенти на прв циклус и 6 студенти од втор циклус. 17 студенти се од Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје и еден студент од Филозофскиот факултет во Скопје. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации одржаа стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: 1.Мандат на УНХЦР и 2.Бездржавјанство. Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за меѓународната заштита предвидена во домашното законодавство и ЕУ стандардите, преку практични примери. Претставници од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) одржаа презентации на теми поврзани со праксата: 1. Постапката за азил во Република Северна Македонија и практични примери; и 2. Интеграција на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија - предизвици и практики. Во зимскиот семестар 2023 година како меѓународен гостин предавање одржа проф. д-р Николаос Ксиполитас на тема „Управување со бегалците и справување со отпорот кон нив" (Refugee Management as Domination and the Task of Resistance). Дополнително студентите учествуваа на дебатата организирана за меѓународниот ден на бегалците, преку организирање на дискусија со гостински предавач м-р Неда Чаловска, како и присуство на промоцијата на најновата истражувачка студија на Центарот.

*Летна школа за права на бегалци и миграција 2023: Интеракцијата помеѓу глобалната миграција и присилното раселување (Summer School for Refugee Rights and Migration 2023: "The Interplay between Global Migration and Forcible Displacement")* Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Северна Македонија и во партнерство со Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо, во периодот од 18 до 22 септември 2023 година одржа Летна школа за права на бегалци и миграција со посебен фокус на темата: Интеракцијата помеѓу глобалната миграција и присилното раселување (Summer School for Refugee Rights and Migration 2023: "The Interplay between Global Migration and Forcible Displacement"). Отворениот повик за Летната школа почна на 21 јули 2023 и траеше до 20 август 2023 година. Примарната таргет група на оваа промоција беа студенти од сите три циклуси студии од Република Северна Македонија, земјите од Балканот и Европа. Во текот на отворениот повик се пријавија 130 апликанти од 48 земји од целиот свет меѓу кои: Украина, Бразил, Иран, Полска, Северна Македонија, САД, Кенија, Грција, Албанија, Италија, Бангладеш, Либија, Косово, Индија, Судан, Португалија, Авганистан, Нигерија, Словачка, Пакистан, Мароко, Романија, Тунис, Сомалија, Азербејџан, Косово, Тунис, Нигерија, Бурма, Мадагаскар, Јужна Африка, Малезија, Шри Ланка, Камерон, Уганда, Индија, Кенија, Сиера Леоне, Јемен, Малезија, Судан, Чад, Замбија, Филипини, Египет, Црна Гора. Од вкупниот број на апликанти можност да присуствуваат на Летната школа добија 77 студенти од 31 држава. На 18 септември 2023 година, официјално се отвори Летната школа, каде што свое воведно обраќање имаше специјалниот известувач на Обединетите нации за човековите права на мигрантите, г-дин Филипе Гонзалез Моралес. Со воведни говори учесниците ги поздравија и проф.д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, г-дин Клаудио Делфабро, директор на Одделот за меѓународно право на бегалци при Институтот за хуманитарно право од Санремо, претставничката на УНХЦР, Агенцијата на ОН за бегалци, г-ѓа Моника Сандри и г-ѓа Татјана Темелкоска, советничка за човекови права при Канцеларијата на постојаната Координаторка на Обединетите Нации во Република Северна Македонија. Летната школа успешно ја завршија 53 учесници, со што се здобија со сертификат. Во текот на Летната школа учесниците имаа можност да учествуваат во 11 задолжителни сесии и 3 опциони сесии, одржани од 14 академици и практичари од областа.

### *Центар за правна клиничка едукација - Правна клиника за ранливи групи*

Центарот за правна клиничка едукација - Правната клиника за ранливи групи во изминатиот период имајќи го предвид фактот дека е регистрирана при Министерството за правда за давање примарна бесплатна правна помош и е вклучена во Меморандумот за соработка на даватели на бесплатна правна помош со Министерството за правда, во текот на овој период спроведе една активност на полето на бесплатната правна помош, при што примарна правна помош им беше дадена на тројца клиенти кои се обратија на клиниката по препорака на Одделението за бесплатна правна помош во Министерството за правда.

### *Центар за правна клиничка едукација по казнено право*

Во текот на минатата година, во активностите на Клиниката учествувале 54 студенти и се реализираа следниве активности: **1)** Континуирана теоретска и практична обука од страна на менторите во Правната клиника и адвокатот Дељо Кадиев наменети за студентите од областа на кривичната постапка во делот

од ЗКП што се однесува на подготовка на обвинителен акт и приговор на обвинителен акт, унапредување на вештините за состав на воведни и завршни говори, директно и вкрстено испитување. Обуките се спроведуваа преку обработка на хипотетички случаи, а потоа и преку работа на веќе завршен анонимизиран кривичен предмет; **2)** Спроведена една симулација на судење (mock trial) како завршен настан за студентите во текот на летниот семестар; **3)** Давање на секундарна правна помош на 5 (пет) судски предмети, од кои 2 (два) се правосилно завршени, а останатите предмети се сè уште активни; **4)** Следење на судски расправи во Основниот Кривичен суд во Скопје на месечно ниво во периодот од месец февруари до месец декември 2023 година; **5)** Спроведен е тренинг за антикорупција, во соработка со ЕУ Твининг проектот за владеење на правото во Република Северна Македонија; **6)** Спроведени се 4 предавања од гости предавачи обезбедени од Амбасадата на САД на актуелни теми поврзани со кривичното право; **7)** Спроведен е тренинг на тема антикорупција и кривични дела од омраза и кривични дела против семејно насилство и родово базирано насилство во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, по што учесниците на тренингот учествуваа на национален натпревар во пишување на есеи; и **8)** Студентите од оваа Клиника учествуваа на две меѓународни летни школи и тоа во Драч, Република Албанија во организација на ГИЗ канцеларијата во Албанија и на летната школа по Природно право во организација на Центарот за стратегиски истражувања во МАНУ и Амбасадата на САД во Република Северна Македонија во Охрид, Република Северна МАкедонија.

### *Центар за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право*

Во текот на 2023 година во рамките на Центарот за клиничка едукација по трудово право беа остварени низа на активности. Центарот за клиничка едукација по трудово право одржа работилница на тема: „Социјален дијалог и колективно преговарање во Македонија - актуелни состојби и предизвици", каде беа присутни претставници на двата најголеми синдикати во државата, како и претставници на бизнис секторот. Центарот организираше и работилница насловена „Како да ја избереме вистинската професија – работа која исполнува", како дел од модулот - Младите во трудот и работниот однос, на која присутни беа покрај студентите на Правниот факултет и средношколците од 4-та година од повеќе средни училишта во Скопје. Исто така беше организирана и работилница насловена „Што да учам за да се вработам?", во чија организацијаземаа учество и студентите на Правниот факултет, а беше наменета за учениците од основно и средно училиште. Беше организирана и конференција насловена „Дискриминација при вработувањето и во работниот однос врз основа на политичко уверување". Во рамките на Центарот се организираше и обука насловена „Младите во лидерство преку работата" наменета за студентите на Правниот факултет. Дополнително се одржа и фокус група по повод подготовка на второто издание на учебникот Антидискриминациско право. Центарот за клиничка едукација по трудово право организираше и институционална посета за своите студенти во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, посета на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Правниот факултет при Универзитетот „Мајка Тереза", како и посета на низа гости во рамките на редовните предавања. Дел од гостите беа судија Александра Палашевска од Основниот граѓански суд Скопје,г-динот Милан Петковски, експерт во полето на безбедноста и здравјето при работа и претседател на Македонското здружение за заштита при работа, како и г-ѓата Билјана Чакламовска - HR експерт, раководител за човечки ресурси во голем меѓународен холдинг, синдикален активист. Како последен настан за 2023 година, во организација на Центарот за клиничка едукација по трудово право, на Правниот факултет се одржа трибината „Кафе разговор за работните односи".

### *Центар за правна клиничка едукација по реторика и правна аргументација „Иво Пухан"*

Првата реализирана активност на Клиниката беше организацијата и реализацијата на Научната конференција под наслов: „Компаративни истражувања во општествените науки" (Конференција во чест на проф. д-р Иво Пухан и истакнати Хрвати-научници во Македонија во втората половина на XX век) која се одржа на Правниот факултет во Скопје. Издадена е Збирка на трудови од оваа научна конференција. На почетокот на месец декември 2023 година беа одржани две предавања од областа на римското право и реториката на студентите од додипломските студии од професорите на Правниот факултет во Загреб, проф. д-р Ивана Јарамаз-Рескушиќ и проф. д-р Иван Милотиќ. Членовите на Катедрата по римско право, почнувајќи од ноември 2023 година ја подготвија и реализираа и дваесет и шестата Ораторска вечер „Иво Пухан". Во текот на подготовките на пријавените студенти им беа одржани повеќе работилници во насока на подобрување на нивните говорнички вештини.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

Самоевалуацијата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, беше спроведена од страна на Комисијата за самоевалуација: проф. д-р Тина Пржеска (претседател), проф. д-р Иван Дамјановски (член), проф. д-р Јован Зафироски (член), проф. д-р Бобан Мисоски (член), проф. д-р Вангел Доковски (член), Марија Самарџиска (студент) и Марија Илиевска (студент).

Врз основа на прибраните податоци од спроведените анкети и прашалници, како и врз основа на други податоци добиени со непосредни контакти со службите на Факултетот, Комисијата подготви и поднесе Извештај за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2022/23 година, којшто беше усвоен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 1.11.2023 година.

## НАУКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

### *Тековни активности*

Во извештајниот период беа дистрибуирани повеќе повици за стипендии, специјализации и конференции преку web страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и преку електронска пошта. Во 2023 година беше реактивиран платен Пристап до базата на податоци HEINONLINE за International Core пакетот и со примена на пристапот преку факултетската мрежа. Во 2023 година од страна на Факултетот беше испратена една пријава за доделување финансиски средства од интегративните функции на Универзитетот за објавен престижен научен труд за 2021 година индексиран во базите Web of Science од Clarivate Analytics или Scopus од Elsevier од проф. д-р Татјана Зороска Камиловска. Апликацијата беше успешна и доби средства согласно Одлуката за избор на трудови на УКИМ. Во 2023 година од страна на Факултетот беше испратена една пријава на Конкурсот за најдобар научник/уметник на УКИМ од проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска. Во 2023 година Факултетот испрати една проектна апликација за научно-истражувачки труд поддржан со финансиски средства од интегративните функции на УКИМ на тема „Климатски промени и имплементација на меѓународни и европски стандарди во Република Северна Македонија“, од проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска. Во 2023 година беше завршена постапката за прогласување на професор Френсис Фукујама за почесен доктор на науки од областа на политичките науки на УКИМ со донесување и објава на Одлуката за доделување на титулата почесен доктор на науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (doctor honoris causa), на проф. д-р Френсис Фукујама, од Универзитетот Стенфорд, САД, во Билтен бр. 649, од 15 мај 2023 година.

### *Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет Јјустинијан Први“ воСкопје - "The Prospects of the European Integration in time of Geopolitical Challenges"*

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 3 ноември 2023 година ја организираше традиционалната меѓународна конференција, која се одржа во хибриден формат: во живо и со примена на видео конференциска врска (zoom). Работата на конференцијата беше поделена на два дела: пленарен дел и работа во паралелни сесии. На пленарниот дел од конференцијата, свое излагање имаше: Prof. Dr. Elaine Fahey, професорка на Institute for the Study of European Law (ISEL), the City Law School, City, University of London, која говореше на тема: EU as a global digital actor?. Работата на вториот дел од конференцијата беше организирана преку паралелни сесии на кои учествуваа вкупно 58 учесници од земјата и од странство (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Италија и Косово). Трудовите кои беа презентирани на конференцијата ќе бидат објавени во посебно издание на Iustinianus Primus Law Review во првата половина од 2024 година.

### *Конференција „Дискриминацијата и говорот на омраза“*

Конференцијата на тема „Дискриминацијата и говорот на омраза“ се одржа на 21.11.2023 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Конференцијата е заеднички настан помеѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитетот на Југоисточна Европа и Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како дел од активностите спроведени во соработка на трите факултети/универзитети со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Конференцијата вкрсти истражувања на различни аспекти на односот помеѓу дискриминацијата и говорот на омраза – теоретски увиди во состојбите, приложување на меѓународните стандарди, институционалните искуства, улогата на медиумите и влијанието на социјалните медиуми сѐ до излезните решенија во поширока смисла на зборот, од правни регулативи до создавање на заедници на грижа.

### *Меѓународна online конференција “Law in the digital age”*

На 22 јуни 2023 година, се одржа меѓународна online конференција на тема: „Law in the digital age“. Конференцијата е резултат на заедничка организација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ и Department of Business Law, Faculty of Economic and Social Sciences of the Budapest University of Technology and Economics, Budapest, Hungary; Department of Law, Faculty of Law & Management, University of Mauritius, Mauritius; Department of Private International Law, Faculty of Law, University of Szeged, Szeged, Hungary; Faculty of Law and Business Studies Dr Lazar Vrkatić, Novi Sad, Serbia; Faculty of Law, Ankara Yıldırım Beyazıt University, Ankara, Turkey; Faculty of Law, Yozgat Bozok University, Yozgat, Turkey.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка.

### *Конференции, Дебати, Настани*

На 11 април 2023 година на Правниот факултет во Скопје се одржа јавната дебата на тема: „Претприемништво, иновации и економски слободи“ во рамки на меѓународната иницијатива Free Market Road Show. Настанот беше традиционално организиран од Центарот за австриска економија од Виена и Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје. Јавната дебата беше организирана во рамки на 2023 Free Market Road Show. Говорници на настанот беа: Дан Мичел (Економист во областа на јавните политики, Вашингтон, САД), Амир Шани (професор на Универзитетот Бен Гурион во Израел), Адмир Чавалиќ (Основач и директор на либертаријанската организација „Мулти“, БИХ), Бошко Караџов (професор по филозофија и научен истражувач), Верица Јорданова (новинар, експерт по односи со јавност и директор на Ivovativnost.mk) и Стефан Смиљаноски (Бреинстер). На 12 април 2023 година на Факултетот гостуваше Амбасадорот на Италија – Н. Е. Андреа Силвестри со предавање на тема: The EU - A Suis Generis Political and Legal Entity, betwen Widening and Deepening. Во периодот 19-22 април 2023 година, гости на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје беа студенти и професори од Факултетот за право и администрација при Јагелонскиот универзитет во Краков, Полска. Посетата беше организирана од страна на раководителите на Катедрите за граѓанско процесно право на двата факултети, проф. д-р Татјана Зороска Камиловска и dr. hab. Radosław Flejszar. Во рамките на посетата, на 20 април 2023 година се одржа заеднички меѓународен научен семинар на тема “Principles of Civil Procedure in a Comparative Law Perspective”. На 18 мај 2023 година, Деканот на Правниот факултет, проф. д-р Сашо Георгиевски оствари билатерална посета на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, Србија по повод 63 годишнината од неговото основање. На 22 мај 2023 година, на Правниот факултет се одржа предавање од страна на Eric Weststrate, Директор за Европа во Холандското МНР и Амбасадорот на Кралството Холандија - Н.Е. Dirk Jan Kop. На 23 мај 2023 година, во рамки на соработката со Секретаријатот за Европски прашања при Владата на РСМ, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје организираше презентација за студентите со Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г-дин Бојан Маричиќ. На 26 мај 2023 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во соработка со Американската Амбасада, беше организирано предавање на тема: Disinformation and media literacy. Предавач на настанот беше Џејсон Стајхауер - глобален истражувач при Вилсон Центарот. Во текот на месец декември 2023 година по повод одбележувањето на 75-годишнината од усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права од страна на Генералното собрание на ОН, во рамки на FSS глобална кампања со која се одлежуваше овој значаен јубилеј, Факултетското студентско собрание во соработка со Деканатот на Правниот факултет подготви и поднесе заложба во име на студентите на Факултетот. Заложбата имаше цел унапредување на состојбите со човековите права и на овој начин Факултетот и ФСС во име на студентите придонесоа за видливост на државата како дел од семејството на ООН. На 1 декември 2023 година на Факултетот беа одржани две работилници од страна на претставници на Walter Cronkite School of Journalism, Arizona State University, од кои едната за студенти и едната за наставен кадар. На 11 декември 2023 година, во рамките на наставата кај проф. д-р Александар Љ. Спасов по предметот Вовед во правото за прва година на првиот циклус на правните студии, се одржа предавање на тема „Решавањето на случаи како метод во германското правничко образование“ од д-р Марајке Фроелих од Институтот „Европа“ при Универзитетот во Саарбрикен, СР Германија. Во периодот од 10-14 декември 2023 година во Краков, Полска беше одржан Меѓународен семинар на тема: „Expert Evidence in Civil Procedure: Considerations in Light of a Comparative Perspective“, на кој учество земаа проф.д-р Татјана Зороска Камиловска, асс.м-р Теа Мицевска, како и Матеа Коцевска и Бојан Стојков (студенти на втор циклус студии на Факултетот).

### *Мобилност*

Во извештајниот период беа објавени повици за мобилност преку програмата Еразмус за студенти и наставен кадар. Во 2023 година беше донесена одлука за ангажирање на визитинг професор, д-р Ен Донохју (Anne Donohue) емеритус професор по новинарство на Универзитетот во Бостон (Boston University), за ангажман на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, преку Фулбрајт програмата на САД, во летниот семестар во учебната 2023/2024 година на предметот Известување во новинарство – практикум (изборен предмет) на прв циклус студии по новинарство според студиската програма од 2018/19 година. Во 2023 година визитинг истражувач на Катедрата по меѓународно јавно право беше Dr. Joanna Siekiera – меѓународен адвокат од Норвешка. Во летниот семестар 2023 година на Институтот за политички науки, новинарство и медиуми и комуникации гостуваше Anđela Mićanović – докторант на

University of Luxembourg - Faculty of Humanity, Education and Social Science, Department of Social Science како истражувач на тема „North Macedonia and the 2019 "Brussels fiasco".

### *Erasmus +*

Во извештајниот период, во рамки на програмата ERAZMUS+, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, реализирани се два конкурси. На конкурсот за студентска мобилност, пристигнаа вкупно 3 пријави на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, истите се прифатени и студентките се номинирани за реализација на летниот семестар на Правниот факултет во Сплит, на Правниот факултет во Загреб и на Правниот факултет во Белград. На конкурсот за академска мобилност, пристигна една пријава од страна на проф. д-р Јован Зафироски кој ќе ја реализира програмата во текот на 2024 година, на University of National and World Economy во Бугарија. Во периодот помеѓу 15-19.09.2023 година, во рамки на програмата Еразмус+ мобилност за наставен кадар, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, УКИМ, оствари престој Prof. Dr. Radoslav Zenderowski и Assist. Prof. Dr. Piotr Sieniawski од Instytut Nauk o Polityce i Administracji, Uniwersytet Kardynała Stefana Wyszyńskiego w Warszawie. Започнувајќи од месец септември 2023 година, во соработка со Канцеларијата за меѓународна соработка, отпочна процесот на електронско склучување на Еразмус+ договори. Преку електронската платформа, склучени се Еразмус+ договори со University of National and World Economy, Бугарија, Karoli Gaspar Reformatus Egyetem, Унгарија, Université de Picardie Jules Verne, Франција, Универзитетот во Келн и Universit degli Studi di Salerno и Università degli Studi di Trieste, Италија.

### *Меѓународни договори, Меморандуми за соработка*

Во текот на извештајниот период беа потпишани меморандуми за соработка со следните институции/организации: 1. Меморандум за соработка со Македонско здружение на млади правници и 2. Меморандум за соработка со Управен суд – Скопје.

## УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

### *Натпревар по меѓународно право „Moot Court competition Phillip Jessup", Вашингтон, САД*

Студентската екипа од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав: Кристина Георгиевска, Кристијан Петковски, Дона Николовска и Миа Георгиевска, а подготвувани од проф. д-р Сашо Георгиевски, доц. д-р Љупчо Стојковски и м-р Миа Георгиевска се натпреваруваше и беше дел од меѓународниот натпревар по меѓународно право Phillip C. Jessup освојувајќи го 75-то место во светот на конечното рангирање во конкуренција од екипи од целиот свет, пласирајќи се пред бројни реноминарани универзитети како на пример Sciense Po, Франција (76 место), University of Western Ontario, Канада (87 место), Charles University, Чешка (102 место), University of Helsinki (112 место) и многу други. Во напредните рунди и по одржувањето на финалните рунди, победник на овогодинешниот натпревар по меѓународно право Philip C. Jessup беше Универзитетот од Амстердам, Холандија.

### *XXIX Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot*

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со свој тим на студенти по 16-ти пат учествуваше на најголемиот натпревар во светот во областа на меѓународната трговска арбитража. Натпреварот, по пауза од две години се одржа во живо, во Виена, Австрија. Тимот го сочинуваа студентите на вториот циклус правни студии: Вања Милчевска, Николина Стојкова, Софија Петличковска, Бојан Стоилков и Цане Малов, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски, проф. д-р Вангел Доковски, д-р Ана Пепељугоска (адвокат во адвокатско друштво „ПЕПЕЉУГОСКИ") и доц. д-р Љубен Коцев. Во текот на подготовките, тимот учествуваше на 5 online подготвителни натпревари, како и на подготвителниот натпревар во Белград. Во Виена, тимот имаше вкупно 4 настапи во генералните рунди.

### *Ceepus Networks*

Во текот на извештајниот период беше продолжена работата во рамки на мрежите на CEEPUS програмата во кои Правниот факултет учествува. Во рамките на мобилноста на наставен кадар, проф. д-р Сигрид Мулер од Виенскиот универзитет одржа часови на двете групи во рамки на наставата на додипломските правни студии по предметот семејно и наследно право. Таа говореше за пресекот, но и разликите на секуларното и религиозното поимање на бракот, регистрираните и вонбрачните заедници, разделбата и разводот, како и репродуктивните технологии како начин на создавање на семејства и предизвика интересна дискусија во која активно се вклучија студентите. Како резултат на минатогодишна размена на студенти и наставен кадар на Виенскиот Универзитет, проф. д-р Елена

Игновска учествуваше како предавач на Зимската школа „Sustainability as a Challenge. An Interdisciplinary Approach", а во декември, 2023 година се објави заедничка публикација - Sigrid Müller, Piotr Jan Morciniec (Hg.) Interdisziplinäre Nachhaltigkeit Interdisciplinary Sustainability Anregungen zum Weiterdenken Stimuli for Further Reflection, Bioethics in Discussion No 5, Vienna, 2023.

### *Ceepus мрежа - Law and IT*

Во рамките на CEEPUS програмата од минатата година, Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, веќе втора година по ред е дел од мрежата Право и информатичка технологија. Носител на оваа мрежа е Правниот факултет во Осијек, Република Хрватска, а во мрежата покрај нашиот Факултет учествува и Правниот факултет од Универзитетот во Печуј, Република Унгарија.

### *Курсеви за Холокаустот согласно Договорот за соработка со Claims Conference - New York*

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје потпиша Договор за соработка со Conference on Jewish Material Claims Against Germany (Claims conference) New York – Конференција за еврејските материјални побарувања од Германија, Њујорк за реализација на 6 едносеместрални курсеви во областа на холокаустот во учебната 2023/24 година. Во рамките на зимскиот семестар беа реализирани курсевите: „Вовед во холокаустот", „Холокаустот низ правните документи" и „Финалното решение на македонските Евреи" кои ги предаваше проф.д-р Мишо Докмановиќ. Свеченото отворање на програмата се одржа на 26 октомври 2023 година. На отворањето деканот проф.д-р Сашо Георгиевски ги поздрави присутните нагласувајќи ја посветеноста на Факултетот за натамошни истражувања и образование за ова прашање. Раководителот на новата програма проф.д-р Мишо Докмановиќ потенцираше дека Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е еден од двата европски универзитети кои го добија престижниот грант на Конференција на еврејските материјални побарувања од Германија – Њујорк, што овозможува реализација на програмата на курсеви во следните три академски години. Во рамките на отворањето беше одржан и Јавен форум на тема „Зошто да се учи за холокаустот во 21 век?" на кој се обратија амбасадорката на САД Анџела Агелер, заменик амбасадорот на СР Германија, Ото Граф и директорот на Меморијалниот фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, Горан Садикаријо. Во рамките на програмата на 22.11.2023 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје беше одржано гостувачко предавање и дискусија со м-р Жаклина Мучева, раководител на Секторот за образование на Фондот на холокаустот на Евреите од РСМ на тема „Свадбите и свадбарските обичаи на македонските Евреи пред и за време на холокаустот". Вкупно 50 студенти ги завршија курсевите во зимскиот семестар и се стекнаа со сертификат. Доделувањето на сертификатите за завршените курсеви се одржа во Меморијалниот музеј на холокаустот на Евреите од Македонија на 25.1.2024 година. На овој настан се обратија амбасадорките на Државата Израел и на Сојузна Република Германија, а ќе биде и отворена Изложбата „Аушвиц - Место на Земјата: Албум со фотографии од Аушвиц". Реализацијата на соработката продолжува во летниот семестар со реализација на нови три курсеви (Холокаустот и меѓународната дипломатија, Холокаустот и меѓународната правда, Антисемитизмот, холокаустот и човековите права) кои ќе ги предаваат проф.д-р Мишо Докмановиќ, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски и проф. д-р Елена Михајлова Стратилати.

### *Програма на Резидуалниот Механизам за Меѓународните Трибунали за Поранешна Југославија и Руанда (МИП)*

Во соработка со катедрата по Меѓународно јавно право (одговорна проф д-р Елена Михајлова Стратилати), Програмата на Резидуалниот Механизам за Меѓународните трибунали за Поранешна Југославија и Руанда (МИП) го започна својот 5 циклус на Интер-Универзитетски предавања на 2 ноември 2023 година. Интер-Универзитетските предавања обединуваат студенти на постдипломски студии од 15 правни факултети од регионот посветени на важни теми, вклучувајќи ги злосторствата сторени во регионот на Балканот и принципите на меѓународното хуманитарно право. Програмата ја сочинуваат 15 предавања во периодот од ноември 2023 година – февруари 2024 година од страна на правни експерти, вклучувајќи ги Претседателот, судиите и останати членови на Механизмот. Оваа Програма е дел од заложбите на Механизмот и Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да обезбеди изложеност на студентите на критички правни институции и експерти за да ги запознае со реалното (светско) искуство на правото, човековите права и правдата во дејство.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

### *Проекти во Мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа – SEELS (South East European Law School Network - SEELS)*

Во извештајниот период се имплементирани повеќе проекти во коишто е вклучен Факултетот. Во прилог е извештајот на Мрежата:

### *Higher Legal Education Dialogue in Western Balkans*

Овој проект беше имплементиран од страна на Мрежата на СЕЕЛС, Центарот за СЕЕЛС и Европа Институт од Универзитетот на Саарланд, и траеше една година, односно беше спроведен во текот на 2023 година. Насловен како "New Challenges for European Integration - Ukrainian War and its implications for the European Union and the Western Balkans" ова е проект каде како партнерски организации соработуваа Европа Институтот и СЕЕЛС, а како проектен соработник се јави и Институтот Преспа. Проектот беше финансиски поддржан од Програмата за дијалог во високото образование на Германската агенција за развој – ДААД. Проектот беше спреведен во текот на 2023 година, и накусо ги содржеше овие активности: (1) 5 студиски/истражувачки престои за студенти на докторски студии од мрежата на СЕЕЛС во Европа Институт во траење од еден месец. Овие престои беа спроведени во текот на месец јули во 2023 година. Избраните студенти на докторски студии кои ги добија грантовите за истражување беа избрани по пат на јавен повик кој беше објавен и дистрибуиран во рамките на мрежата на СЕЕЛС. Селекцијата на истите беше направена од страна на експертите кои го сочинуваат Управниот одбор на проектот; (2) Постдокторски колоквиум беше одржан во јули, за време на траењето на студиските престои во Европа Институт на кој учество со свои трудови зедоа избраните стипендисти; (3) Еднонеделна работилница/летна школа за студенти на втор циклус и докторски студии беше одржана на Правниот факултет во Сплит на почетокот на септември 2023 година. Учесниците беа избрани на јавен повик кој беше дистрибуиран во мрежата на СЕЕЛС. И овој пат селекцијата на студенти беше направена од страна на Управниот одбор на проектот; (4) Како резултат на работилницата беше подготвена и издадена публикација.

### *GIZ Free Legal Aid (Legal Reform for Economic Development in the Western Balkans Project)*

Проектот „Правна реформа за економски развој на Западниот Балкан„ ("Legal reform for economic development in the Western Balkans") започна во јануари 2023 година и треба да заврши во декември 2024 година. Проектот е финансиран од страна на Германското федерално министерство за економска соработка (BMZ), а е имплементиран од страна на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) кои ја контактираа мрежата на СЕЕЛС во 2023 година со предлог за соработка на една од проектните компоненти. Проектот ги вклучува сите земји на Југоисточна Европа со цел постигнување на напредок во следниве сфери: Економско зајакнување на жените; Зајакнување на мрежата на ISDS; и Меѓугранична соработка на граѓанско и комерцијално ниво. Една од главните активности на проектот е создавање на методологија и спроведување на сеопфатно истражување кое треба да се фокусира на системите за бесплатна правна помош во земјите на Западен Балкан, со специфичен фокус на жените и правото на сопственост. Создавањето на методологија за истражување како и спроведувањето на самото истражување беше направено од страна на одбрани експерти од мрежата на СЕЕЛС. По завршувањето на овие активности и изготвувањето на анализа направена врз база на добиените податоци, беше финализиран извештај. Анализите и наодите опфатени во овој извештај ќе бидат објавени и како дел од последното издание на SEE Law Journal, кое треба да излезе на почетокот на оваа година.

### *HFII: Freedom of Expression and Freedom of the Media in South-East Europe - JUFREX 2 - Regional Component*

Овој проект беше спроведен во соработка со Советот на Европа поточно со Европска Унија /Совет на Европа, Хоризонтален фонд за Западен Балкан и Турција (Хоризонтален фонд II) 2019-2022 програма која е заснована како иницијатива за соработка на Европската Унија и Советот на Европа со земјите на Западен Балкан и Турција. Проектот „Слобода на изразувањето и слободата на медиумите во Југоисточна Европа„ JUFREX – беше заснован на резултатите постигнати во претходниот регионален проект на Европската Униија и Советот на Европа „Зајакнување на судската експертиза, слободата на изразувањето и медиумите во Југоисточна Европа" – JUFREX (2016-2019). Главна цел на оваа програма е да ја промовира слободата на изразувањето и слободата на медиумите во согласност со стандардите на Советот на Европа со специјален фокус на судството во Југоисточна Европа. Истата се состои од три компоненти кои се насочени на следните целни групи: правните професии; регулативните тела за медиуми; универзитетите, студентите.

### *SEE Law Journal – Редовно издание*

SEE Law Journal е научно списание на мрежата на СЕЕЛС, првпат издадено во 2014 година од кога во континуитет излегува до денес. Се работи за списание кое е специфично и уникатно во регионот бидејќи излегува исклучиво на англиски јазик и од неодамна беше регистрирано на базата на податоци Hein Online. На повикот за летното издание на журналот во 2023 година стигнаа 6 труда од кои 5 беа прифатени за објавување. Вториот повик за зимското издание резултираше со мал број на поднесени трудови поради што беше продолжен рокот за доставување до 29 декември 2023 година. Ова

продолжување резултираше со доволен број на поднесени трудови, вкупно 8, кои беа одобрени од Уредничкиот одбор. Во летното издание на журналот немаше трудови поднесени од автори од Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, додека во зимското издание еден автор поднесе труд. Како рецензенти во двете изданија учествуваа 4 експерти од Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

## МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

### *Promoting Mechanism for Alternative Dispute Resolution and Mediation in North Macedonia - INVESTINADR*

Во периодот од јануари 2023 – јануари 2024 година, а во рамки на меѓународниот проект *„Promoting Mechanism for Alternative Dispute Resolution and Mediation in North Macedonia - INVESTinADR“* се спроведени низа проектни активности. Во јануари 2023 година се остварени работни активности за доработка на нацрт верзијата на извештајот за анализа на *status quo* на правната рамка за алтернативно решавање на спорови на национално ниво. Во февруари 2023 година се остварени работни активности за подготовка на анкетните прашања за чинителите, а со цел подробно истражување на практичните аспекти во имплементацијата на законската рамка за алтернативното решавање на спорови на национално ниво. Во март 2023 година се финализирани анкетните прашања за институции и практичари (адвокати; медијатори; Постојан избран суд – арбитража; судии; Академија за судии и јавни обвинители; Координативно тело за арбитражни постапки). Во април 2023 година се спроведени активности за остварување контакт со испитаниците и дистрибуција на анкетните прашања до истите. Во мај 2023 година прибрани се одговори од страна на испитаниците и се спроведени активности за првична обработка и анализа на одговорите на анкетните прашања. Во јуни 2023 година е организирана работилницата Invest in ADR – Workshop, а која се одржа на 26 јуни 2023 година во просториите на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и на која работилница учествуваа вклучените професори, докторанди, германските партнери, како и претставници на стручната јавност, и тоа, академски професори, судии, медијатори, арбитри, претставници на државни инстутции, како и корпоративни правници. Во јули, август и септември 2023 година се одржувани работни средби помеѓу учесниците и се спроведени работни активности за подготовка на препораки на политики за унапредување на механизмите за алтернативно решавање на спорови во Република Северна Македонија, и тоа за подобрување на соработката во правосудниот систем, зајакнување на знаењето и вештините на чинителите, и унапредување на правната рамка за трговската арбитража, инвестициската арбитража и медијацијата во Република Северна Македонија. Во октомври 2023 година е подготвена нацрт верзија на препораките за политики. Во ноември 2023 година се спроведени активности во насока на организација на работна посета на германските партнери и соработниците од Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната стопанска комора во Париз во Скопје и организација на конференција за запознавање на стручната јавност со дотогашните резултати од проектот – извештајот за статусот на механизмите за алтернативното решавање на спорови, резултатите од анкетното истражување, политиките на препораки за унапредување на алтернативното решавање на спорови во државата, како и инцијална верзија на курс за практичари. Во декември 2023 година е организирана меѓународна хибридна конференција "Policies for Promoting Arbitration and Mediation in North Macedonia“, а која се одржа во просториите на Секретаријатот за европски прашања, на која учествуваа вклучените професори, докторанди, истражувачи, германските партнери, практичари од различни области, претставници на Владата и институциите, како и соработниците од Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната стопанска комора во Париз. Во јануари 2024 година се остварени работни активности за контакт и комуникација со чинителите за доработка на препораките на политики, со што се спроведени работни состаноци со претставници на институции/комори.

### *Modernising European Legal Education (MELE)*

На 31 август 2023 година се финализираше успешната имплементација на тригодишниот Еразмус+ проект „Модернизирање на европското правно образование (Modernising European Legal Education – MELE)“, во кој како партнерска институција учествуваше Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Покрај нашиот факултет, во проектниот конзорциум како партнери учествуваа: Универзитетот во Саарланд, Универзитетот во Белград, Универзитетот во Загреб, Универзитетот во Кадиз, Универзитетот во Гронинген, Регентс Универзитетот во Лондон, Миколас Ромерис Универзитетот во Вилнус и Мрежата на правни факултети од Југоисточна Европа (SEELS). Четирите интелектуални аутпути (intellectual outputs) од MELE проектот имаа за цел подобрување на трансверзалните вештини на студентите и академскиот кадар, фокусирајќи се на унапредување и иновирање на наставните методи од областа на правното образование. Од 3 до 6 април 2023 година, дел од членовите на проектниот тим со

свои презентации учествуваа на работилница на тема „Modernising European legal education: Innovative strategies to address urgent cross-cutting challenges", која се одржа на Универзитетот во Гронинген – Кампус Фрислан во Леварден, Холандија. На 17 мај 2023 година, проектниот тим организираше Инфо-сесија за MELE проектот во просториите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на која присутните беа запознаени со проектните резултати и активности досега реализирани во склоп на секој од четирите интелектуални аутпути на проектот: 1) Прашалник за трансверзални вештини за наставниот кадар; 2) Електронски курс за академски вештини; 3) Сет на методолошки алатки; 4) Публикација (збирка на трудови). На 29 и 30 јуни 2023 година, членовите на проектниот тим учествуваа на завршниот работен состанок од MELE проектот, кој се одржа во Загреб, Хрватска. Во текот на месеците јули и август 2023 година, целокупните материјали продуцирани во рамки на четирите интелектуални аутпути беа прикачени на веб страната на MELE проектот, од кадешто се слободно достапни за преземање. Во август 2023 година, во издание на Springer беше објавена горенаведената публикација "Modernising European Legal Education – Innovative Strategies to Address Urgent Cross-Cutting Challenges", која нуди преглед на низа корисни иновативни стратегии за адресирање на различни мулти и интер-дисциплинарни теми и поттикнување на развојот на трансверзалните вештини кај студентите и академскиот кадар.

### *Jean Monnet Network – Активно граѓанство: Промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан*

Проектот "Active Citizenship in the Western Balkans- Promoting and Advancing Innovative Democratic Practices in the Western Balkans" (ACT.WB) формално заврши на 31.01.2023 година. Во април 2024 година се очекува и публикување на Зборник на трудови од проектот во издание на издавачката куќа Routledge.

### *Подготовка на апликации на меѓународни повици*

Во извештајниот период Правниот факултет подготви апликации за следните проекти/активности: **1).** „Invigorat EU-Invigorating change of the EU' s political perspective for the Eastern Neighbourhood and the Western Balkans: Designing a Model for a Resilient Europe" во рамките на HORIZON-CL2-2023-DEMOCRACY-01-08 (програма Хоризонт). Истражувачкиот тим од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје е предводен од проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева, а членови се проф.д-р Ненад Марковиќ, проф.д-р Иван Дамјановски. Апликацијата беше успешна а активностите треба да траат 36 месеци; **2).** „Медиуми 2040: Зајакнување на младите поборници за слобода на печатот во Западен Балкан". Проектот треба да биде финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија со цел зајакнување на младите во нивните залагања за слобода на медиумите во Западен Балкан. Координатор за Македонија проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ. Проектната апликација беше успешна и активностите од проектот започнаа согласно планираната динамика; **3).** „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia", како партнерска иницијатива меѓу Walter Cronkite School at Arizona State и Правниот факултет со период на траење од 2023-2025 година. Проектната апликација беше успешна и активностите започнаа во 2023 година; **4).** Erasmus+ Cooperation Partnership Rethinking European Legal Education (RELE) во рамки на повикот Cooperation partnerships in higher education (KA220-HED). Апликацијата не беше успешна; **5).** Во текот на 2023 година, започна меѓународниот проект MOBILEurope: Колективно преговарање за мобилните работници во Европа за време на пандемијата на вирусот Ковид-19 - случаи на гранични, сезонски работници и работници мигранти, каде Правниот факултет е еден од партнерите. Во рамките на овој проект се одржа kick-off состанок на ден 13.01.2023 година, како и работен состанок во Белград, во периодот од 24-26.10.2023 година.

## НАСТАНИ, СВЕЧЕНОСТИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ

### *Прв академски час*

На 2 октомври 2023 година, Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, организираше прв академски час со кој свечено се отвори новата учебна година. На првиот академски час се обратија ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – проф.д-р Биљана Ангелова, деканот на Факултетот - проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Елена Нешовска Ќосева, раководител на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Факултетот, Данило Крстовски - претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Магдалена Николовска, Студентски правобранител на УКИМ.

### *XXVI Ораторска вечер ,,Иво Пухан"*

Катедрата по римско право, на состанокот одржан на 1.11.2023 година во консултација со Деканот на Правниот факултет, проф. д-р Сашо Георгиевски донесе одлука да се организира дваесет и шестата Ораторска вечер „Иво Пухан". После објавувањето на јавниот оглас за учество се пријавија 14 студенти

од повеќе единици на УКИМ. Откако беа составени конечните говори, подготовките ги продолжи актерот, м-р Дејан Лилиќ, долгогодишен соработник на Ораторската вечер. Финалето се одржа на 5.12.2023 година во 19 часот во свечениот амфитеатар на Правниот факултет, а финалистите настапија по следниов редослед: 1. Драган Ѓуровски – „Аманет за следните генерации“; 2. Ивона Тодорова - „Крај за „трпи и трај“; 3. Ана Кракутовска - „Капитализмот како крај на моралните вредности кај луѓето“; 4. Филип Јаневски –„Што ѝ недостига на современата македонска држава?“; 5. Чарна Невзати -„Кој ја плаќа цената на војната и тероризмот?“; 6. Лина Рангелова - „Зошто „не“ за уставни измени“; 7. Ведрана Петрова - „ Македонија го живее опусот на Горан Стефановски“; 8. Мерсине Даминова - „Сплотени во различностите“. Првата награда како и специјалната награда „Бранко Ѓорчев“ ѝ припадна на Чарна Невзати, втората награда ѝ припадна на Лина Рангелова, а третата награда ѝ припадна на Ведрана Петрова. Фондот за наградите во вкупна вредност од 750 евра во денарска противвредност ги обезбеди Правниот факултет со одлука на Деканатската управа. Пригодни награди за сите учесници додели и адвокатската канцеларија Анита Бегова.

### *Одбележување на Годишнината од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје*

Одбележувањето на Денот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се одржа на 3.11.2023 година на Свечена академија на која обраќања имаа Деканот на Правниот факултет – проф. д-р Сашо Георгиевски и Данило Крстовски – Претседател на Факултетското студентско собрание. Во рамки на настанот беше одржана и промоција на Годишникот на Факултетот/Зборник на трудови во чест на проф. д-р Арсен Јаневски, чиј промотор беше проф. д-р Татјана Зороска Камиловска како уредник на Зборникот.

### *Свечена седница на ННС по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на човековите права*

Свечената седница на Наставно-научниот совет на Факултетот беше одржана на 06.12.2023 година. На настанот обраќања имаа Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, проф.д-р Сашо Георгиевски и г-ѓа Росана Дуцак – Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија. На седницата свој настап имаше победникот на XXVI-та Ораторска вечер „Иво Пухан“ и беа доделени пофалници на студенти за учество на меѓународни натпревари.

### *Промотивни активности за средношколци*

Заради организирање на промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а со цел привлекување на идни студенти, во рамките на промотивните активности организирани од страна на Ректоратот на УКИМ беа организирани Отворените денови на УКИМ. Активностите за промоција на Факултетот се спроведоа преку физичка посета на средните училишта во Скопје и Велес, како и преку спроведување на онлајн презентации преку ZOOM платформата. Во текот на Отворениот ден организиран од страна на УКИМ што се одржа во неколку наврати во текот на месец јуни, август и декември 2023 година, на Правниот факултет присуствуваа повеќе од 200 средношколци кои се интересираа за студиските програми, како и за условите за настава на Правниот факултет.

## ИЗДАВАШТВО

### *Монографии, Зборници и Годишници*

Во извештајниот период беа објавени следниве публикации: 1) Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Арсен Јаневски, Скопје, 2023, Том 61, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, уредник на Годишникот: проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска; 2) Ѕидови, граници, бариери – улогата на националната држава во регулирањето на миграциите, студија, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Центар за право на бегалци и миграции, автори: проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф.д-р Елена Михајлова Стратилати, проф.д-р Сашо Георгиевски и Зорана Антовска.

### *Библиотека*

Библиотеката на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје извршуваше планирани и тековни задачи согласно Правилникот за работа на Библиотеката.

### *Електронско списание Iustinianus Primus Law Review*

(http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/)

Во текот на академската 2023/2024 година беа објавени три броја, од кои и посебниот број во кој се објавени трудовите од учесниците на Годишната конференција во организација на Правниот факултет. Во текот на оваа година, продолжува добрата практика списанието да може да биде пребарувано во датотеката на EBSCO библиотеката и во датотеката на HEIONLINE библиотеката.

## НОВИ ВРАБОТУВАЊА НА ФАКУЛТЕТОТ

### *Согласност за вработување на лица во соработничко звање – асистент на Факултетот и реализација на согласност за вработување*

На седницата на Наставно-научниот совет одржана на 01.07.2022 година утврдена е потреба за асистенти во 2023 година на следниве научни области (по азбучен ред): 1) казнено материјално право и 2) трговско право, а на истата седница на ННС е утврдена потреба и за асистент во 2024 година на научната област економски науки (економика и применета економика), со обврска деканатот да достави барање преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, за добивање на согласност за вработување на асистенти во 2023 година на наведените научни области. На 25.01.2023 година, на 28.02.2023 година и на 04.12.2023 година, Правниот факултет поднесе барање до МОН преку УКИМ за добивање на согласност за вработување на две лица на работно место – соработник во соработничко звање – асистент на следниве научни области (по азбучен ред): 1) казнено материјално право и 2) трговско право, но по барањата за вработување на наставен кадар од Правниот факултет, досега не е одговорено од страна на надлежните министерства.

### *Согласност за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот*

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на 25.01.2023 година и на 28.02.2023 година поднесе барања за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2023 година, за кој е добиена согласност од МОН и позитивно мислење од МИОА и тоа за работно место: хигиеничарка (2 извршители), но по барањата за вработување на ненаставен кадар од Правниот факултет, досега не е одговорено од страна на надлежните министерства.

## СТУДЕНТСКИ ИЗБОРИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Со Одлука на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје бр. 03-467/1 од 18.04.2023 година, беа распишани изборите за претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, предвидени да се одржат на 17.05.2023 година, во аулата на Правниот факултет, во периодот од 08:30 до 16:30 часот. За претседател на ФСС на Правниот факултет е избран Данило Крстовски со број на индекс 639м со освоени 34 гласа.

Со Одлука на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје бр. 03-1128/1 од 14.11.2023 година, беа распишани изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, предвидени да се одржат на 14.12.2023 година, во аулата на Правниот факултет, во периодот од 08:30 до 16:30 часот. Како конечни, се резултатите од изборите за членови на ФСС на Правен факултет: 1. Прва година, прв циклус: 1. Петар Китанчев; 2. Анастасија Саша Тофоска; 3. Сара Мишева; 4. Калина Георгиева; 5. Лина Рангелова; 6. Ивона Тодорова. 2. Втора година, прв циклус: 1. Бојана Бурческа; 2. Лука Стојаноски; 3. Филип Петровски; 4. Димитрија Настески; 5. Анастасија Кипариз Крстеска. 3. Трета година, прв циклус: 1. Марија Самарџиска; 2. Тамара Кунцулова; 3. Бојан Палитов; 4. Емилија Протугерова; 5. Филип Стојановски; 6. Тијана Тесалоника Шишкоска. 4. Втор циклус на студии: 1. Кире Јованов; 2. Магдалена Николовска. 5. Трет циклус студии: 1. Катерина Антовска; 2. Стефан Андоновски.

## НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ

Во периодот од 01.03.2023 година до 29.02.2024 година одржани се 11 редовни седници (од 23-та редовна седница одржана на 03.04.2023 година до 33-та редовна седница одржана на 29.02.2024 година), 5 вонредни седници одржани на 08.05.2023 година, на 16.10.2023 година, на 13.11.2023 година, на 22.11.2023 година и на 15.02.2024 година и Свечена седница на ННС одржана на 06.12.2023 година.

На седниците на Наставно-научниот совет во овој период на дневен ред беа поставени вкупно 206 точки /625 потточки/.

## ДЕКАНАТСКА УПРАВА

Во текот на извештајниот период од 01.03.2023 година до 29.02.2024 година одржани се 11 редовни седници на Деканатската управа (од 23-та седница одржана на 30.03.2023 година до 33-та седница одржана на 28.02.2024 година) и 4 вонредни седници одржани на 09.11.2023 година, на 22.11.2023 година, на 12.02.2024 година и на 15.02.2024 година. На дневен ред беа поставени 104 точки /6 потточки/.

## СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/2021), Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав: проф. д-р Димитар Гелев - претседател, проф. д-р Милка Ракочевиќ и проф. д-р Драган Гоцевски – членови, во текот на 2023 година за потребите на Факултетот спроведе 22 постапки: 12 набавки од мала вредност, 6 набавки со поедноставена отворена постапка и 4 набавки на посебни услуги.

## ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РСМ“ бр. 101/2019) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во периодот од 01.03.2023 година до 29.02.2024 година има примено и одговорено на 6 (шест) барања по овој основ.

## ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 01.03.2023 година до 29.02.2024 година, опфатен со овој Извештај, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје беа преземени низа мерки и активности со кои, особено, се овозможи: а) натамошна финансиска стабилност на Факултетот (со редовност во плаќањата), б) одржување на трендот од последните две години на спречување на поголем пад кај бројот на запишани студенти (во однос на претходните години); в) натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; г) спроведување на постапката по елаборатите за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии на Факултетот пред надлежните тела; д) натамошно интензивирање на меѓународната, научната и конференциска активност на Факултетот; е) основање на оперативен центар за кариера на студентите ; и ж) подобрување на факултетската инфраструктура.

Со оглед на тековните и претстојни задачи, во наредната година, факултетските активности, во континуитет, би требало да бидат насочени, особено, кон: а) натамошно одржување на финансиската стабилност на Факултетот (со пренесување на потребно салдо во наредната година); б) натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку службите на Факултетот; в) натамошно збогатување на меѓународната и научната соработка на Факултетот, вклучително преку стимулирање на поинтензивна меѓународна конференциска, проектна и друга активност; стимулирање на поголема проектна активност на Факултетот; г) стимулирање на студентската и академска мобилност (од и кон Факултетот) во рамки на постојните програми; д) поддршка на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и на останатите центри на факултетот; ѓ) одржување на одличната соработка со Факултетското студентско собрание и другите студентски тела, вклучително во рамки на Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата основан во партнерство со ФСС; е) продолжување со активностите во рамки на проектот „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia“ (во партнерство со Walter Cronkite School of Journalism при Државниот Универзитет Аризона) и, меѓудругото, опремување на новинарско студио (новинарска лабораторија), како дел од тие активности; ж) натамошно унапредување на факултетската инфраструктура, особено, преку продолжување на санацијата на сè уште несанираниот дел од кровната покривка на Факултетот (во обем зависен од екстерно доделените средства).

Д Е К А Н

Проф. д-р Сашо Георгиевски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Правен факултет Јустинијан Први
Република Северна Македонија
СКОПЈЕ